Здружение на РУДАРСКИТЕ И ГЕОЛОШКИТЕ
ИНЖЕНЕРИ НА Македонија
Бр. 01/03-35
03.05 2017 год.
Кавадарци

**ЗДРУЖЕНИЕ НА РУДАРСКИТЕ И ГЕОЛОШКИТЕ ИНЖЕНЕРИ НА МАКЕДОНИЈА ЗРГИМ**

# СООПШТЕНИЕ

**Предмет**: Реакција на настаните, случувањата и дезинформациите кои се шират во последните два месеци, а кои се поврзани со проектите за геолошки истраги и отворање нови рудници во Република Македонија

Почитувани граѓани на Република Македонија,

Здружението на рударските и геолошките инженери на Република Македонија, скратено име (ЗРГИМ), е стручно, доброволно, самостојно и непартиско здружение на граѓани на Република Македонија. Здружението е формирано во 1991 година со цел да го поттикнува развојот и истражувањата во рударството и геологијата во Република Македонија. Во ЗРГИМ членуваат само рударски и геолошки инженери од Република Македонија и истото брои над 300 членови.

Со ова соопштение сакаме да се осврнеме на бројните невистини, манипулации и дезинформации насочени кон тековните проекти за геолошки истражувања и развој на рудници во Република Македонија кои во последните неколку недели интензивно се шират на социјалните мрежи, а се поддржани и од дел од медиумите. Во таа насока, сакаме да укажеме дека огромен дел од македонските компании кои се занимаваат со рударство, како општествено одговорни компании, посветуваат особено внимание на обезбедување на одржлив економски развој и заштита на животната средина.

Во оваа прилика, би сакале да искажеме јавен апел до сите оние кои во изминатиот период се обидуваат да манипулираат со мислењето на македонските граѓани преку презентирање паушални и научно недокажани искази и објави, да престанат со ширење на такви непотврдени информации бидејќи со целиот наш интегритет како академски граѓани и професионалци во својата област на работење, најодговорно тврдиме дека сите тие информации се невистинити и тендециозни и генерално се насочени против развојот на рударството во РМ и воопшто против развојот на општеството. Во претходните неколку недели бевме и сѐуште сме сведоци на валкана кампања при што злонамерно се користат термини и искази кои воопшто не соодветствуваат на реалноста. Имено, од нестручни лица беа искажани бројни коментари и анализи за употреба на сулфурна киселина, цијанид, огромни количини на експлозив без притоа да се направи стручна

анализа на реалните технологии кои се во употреба во активните руднички операции и на оние технологии кои се предложени за употреба во новите рудници. Многу често лица кои не се доволно стручни, наведуваат факти, што немаат никаква врска со претпријатијата коишто работат или се во фаза на изградба во Република Македонија и со тоа се обидуваат да манипулираат со јавното мислење. Како пример се наведуваат застарени технологии, коишто одамна не се користат во современата индустрија. Работата на рудниците каде што се експлоатира рудата и на погоните каде се врши збогатување на рудата е под инспекциски надзор на соодветни технички инспекции кои постојано се присутни со редовни контроли за проверка на правилното следење и почитување на законските мерки и пропишаните дозволи со цел спречување на било какво влијание врз животната или работната средина. Добивање на “А”, интегрирана еколошка дозвола е обврзувачки, доколку еден рудник треба да проработи, и ние ги подржуваме ваквите законски прописи. Веруваме дека секој вработен на секое работно место совесно си ги извршува своите работни обврски, а со тоа допринесува за поздрава и почиста животна средина, која останува на нас и на нашите поколенија.

Рударството преставува 9,15% од индустриското производство во Република Македонија. Во моментов, има 189 активни компании кои како главна дејност имаат регистрирано рударство и вадење на камен. Рударството, како гранка од стопанството, има преку 13.000 директно вработени и учествува со 1% во БДП, а во извозот со 3,75%.

**Заклучок:** За многу краток период со цел за поддршка и развој на геолошките истражни работи, рударството, технологијата, заштита на животната средина, ќе следуваат дополнителни мерки.

03.05.2017

Претседател на ЗРГИМ
м-р Горан Сарафимов, дипл.руд.инж.

Здружение на рударските и геолошките инженери на Македонија
Кавадарци